Објавено **06 септември 2012, 10:42**, во Македонија

Share |

## ДР. МАРЈАН БОЈАЏИЕВ ПРОГЛАСЕН ЗА НАЈДОБАР ПРОФЕСОР ВО ЕВРОПА



Др. Марјан Бојаџиев, ректор на Универзитетот Американ Колеџ во Скопје, ја доби наградата за најдобар професор во Европа, од страна на Советот за акредитација за бизнис школи и програми (ACBSP). Бојаџиев, кој што на Американ колеџ предава на Факултетот за деловна економија и организациски науки наградата ја доби на годишната конференција на Советот, одржана од 15-18 јуни во Балтимор, САД.

"Се сеќавам дека мојот прв час како професор почна со прашањето, која е нашата мисија како едукатори. А, таа е да направиме од нашите студенти подобри луѓе кои што подоа ќе направат подобро општество. Оваа награда ја гледам како мој мал личен придонес до Универзитетот Американ колеџ и нашата држава, и што повеќе вакви мали чекори ќе значат голем чекор кон тоа Македонија да биде навистина поубаво место за живеење", рече професорот Бојаџиев по повод примањето на наградата.

Наградата на Бојаџиев вчера и официјално му ја додели проф.Џереми Крибс, претставник на ACBSP, кој што истакна дека наградата е доделена не само заради неговите извонредни лични способности во училницата, туку и во организацијата и управувањето со Универзитетот Американ Колеџ.

"Изворедно важно е што Американ колеџ е единствена високообразовна институција од Македонија, но и јужно од Виена, која е целосно акредитирана од ACBSP, како установа што пружа настава на англиски јазик, според американски наставни програми, што пак, значи висок квалитет на наставата и меѓународно признаена диплома", истакна Крибс.

ACBSP (Accrediting Council for Business Schools and Programs) се состои од 10 региони – седм се во САД, осмиот е Европа и дел од Азија, 9-от е Далечниот исток и 10-от е Јужна Америка. Регионот 8 го сочинуваат стотина универзитети и бизнис школи од 29 земји. Проф. Бојаџиев ја доби наградата во категоријата додипломски и постдипломски студии, а самата евалуација на кандидатите се врши врз основа на пет критериуми: наставна дејност, професионален развој, институционална прилагодливост, развој на наставни планови и посветеност кон заедницата.

« назад

### КОМЕНТАРИ

Коментирај »

РЕКЛАМИ

### КАПИТАЛ НЕДЕЛНИК




РЕКЛАМИ

### КАПИТАЛ СПЕЦИЈАЛНИ ИЗДАНИЈА